Врз основа на член 11 став 4 од Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци („Службен весник на РМ“, бр. 13/96), министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за одбрана, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМИТЕ НА ВОЕНО СТРУЧНАТА ОБУКА КОИ ПРЕДИЗВИКУВААТ ЗГОЛЕМЕНА ОПАСНОСТ ЗА ОШТЕТУВАЊЕ НА ОРГАНИЗМОТ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формите на воено стручната обука кои предизвикуваат зголемена опасност за оштетување на организмот согласно член 11 ставот 1 точката 3 од Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци.

Член 2

Формите на воено стручната обука кои согласно член 1 на овој правилник по својата природа можат да предизвикаат оштетување на организмот кај учесниците на обуката се:

- обука при која се изведуваат практични дејствија со употреба на вежбовна и боева муниција и минско-експлозивни средства;
- обука за извршување на задачи од атомско-биолошка и хемиска одбрана, ако се употребуваат токсични соединенија, извори на радиоактивни и други јонизирачки зрачења и запаливи средства;
- обука на радарско-сметачките системи;
- обука за извршување на задачи на сите видови воздухоплови;
- обука за извршување на задачи на стационарните јазли и центрите за врски

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот за објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Министер за одбрана,
**Благоја Ханџиски, с.р.**

Министер за труд и
социјална политика,
**Насер Зибери,** с.р.

Бр.12-350/3
31 март 1997 година
Скопје